РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

# Е Л А Б О Р А Т

**ЗА ПОВТОРНА АКРЕДИТАЦИЈА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА**

**од полето на правните науки**
**од областа на право на интелектуална сопственост (авторско и пронајдувачко право)**
**Трет циклус на студии**

**ИНСТИТУЦИЈА ПРЕДЛАГАЧ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА**

**Правен Факултет „Јустинијан Први“ - Скопје**

**Скопје, 2021 ГОДИНА**

08-56/4

11.05. 21

| | |
|---|---|
| РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT |
| АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ | AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË |
| ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ | BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË |

**До: Правен факултет Скопје**

ПРЕДМЕТ: Доставување на условни забелешки по студиска програма
ВРСКА: (09-46/3 од 10.02.2021 година, наш број 08-56/1 од 17.02.2021 година)

Почитувани,
На ден 07.04.2021 год. Одборот за акредитација ја оддржа својата 15-та редовна седница, на која меѓу другото ја разгледуваше студиската програма Право на интелектуална сопственост (авторско и пронајдувачко право) од трет циклус студии на Правен факултет при УКИМ Скопје.

По однос на горенаведената студиска програма, експертската комисија, односно Одборот за акредитација, имаше одредени забелешки кои се однесуваат на следното:

- Кон Елаборатот се приложени табели во кои се нотирани проекти во кои учествувал Правниот факултет но не е нотирано кој од предложениот наставен кадар за изведување на студиската програма учествувал како реализатор. Да се достави информација за научно-истражувачки проекти во кои што учествува најмалку 20% од наставниот кадар предвиден за реализација на студиската програма. Во приложените табели освен називот на проектот да се креира графа во која ќе се нотира и наставниот кадар предвиден за реализација на студиската програма Право на интелектуална сопственост (авторско и пронајдувачко право) ;
- Специфичните дескриптори се општи. Потребно е усогласување на специфичните дескриптори на класификацијата со резултатите од учењето кои студентот треба да ги стекне за предложената студиска програма за реакредитација: Право на интелектуална сопственост (авторско и пронајдувачко право).

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
акад. Владо Камбовски

---

Елаборатот на студиската програма од полето на правните науки од областа на право на интелектуална сопственост (авторско и пронајдувачко право) е корегиран врз основа на условните забелешки дадени од Одборот за акредитација на високото образование на стр. 268 каде е додадена Табела 6.4 (Список на наставници и научно-истражувачки проекти) и стр. 57-58 каде во Прилог 3 (Специфични дескриптори) е постапено согласно насоките дадени од Одборот за акредитација на високото образование.

# Содржина


Задолжителни компоненти на студиската програма ........ 6

1. Одлука за усвојување на студиска програма од полето на правните науки од областа на право на интелектуална сопственост (авторско и пронајдувачко право) на третиот циклус на студии од Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје ........ 9

2. Одлука за усвојување на Елаборатот за акредитација на студиската програма од полето на правните науки од областа на право на интелектуална сопственост (авторско и пронајдувачко право) на третиот циклус на студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје од страна на Универзитетскиот Сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ........ 10

3. Мислење на Одборот за соработка и доверба со јавноста ........ 11

4. Вовед ........ 12

4.1. Наставно-образовен процес ........ 12

4.2. Цели на студиската програма ........ 12

5. Основни информации за студиска програма од полето на правните науки од областа на право на интелектуална сопственост (авторско и пронајдувачко право) на третиот циклус на студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје ........ 14

5.1 Назив на реализаторот ........ 14

5.2 Назив на студиската програма ........ 14

5.3 Научно-истражувачко подрачје, поле и област, каде припаѓа студиската програма ........ 14

5.4 Вид на студиската програма ........ 14

5.5 Број на кредити, степен на образование и години и семестари на траење на студиската програма ........ 14

5.6 Цел и оправданост за воведување на студиската програма ........ 14

5.7 Право на студирање на студиската програма ........ 15

5.8 Начин на финансирање на студиската програма ........ 16

5.9 Назив на дипломата ........ 16

5.10 Информација за продолжување на образованието ........ 16

5.11 Утврден сооднос помеѓу задолжителните и изборните предмети, со листа на задолжителни предмети, листа на изборни предмети и дефиниран начин на избор на предметите ........ 16

5.12 Информации за обезбедена задолжителна и дополнителна литература ........ 18

5.13 Информации за веб страница ........ 18

5.14 Активности и механизми преку кои се развива и се одржува квалитетот на наставата .. 18

5.15 Согласност од високообразовната установа за учество на наставникот во реализацијата на студиската програма ........ 21

5.16 Информација за бројот на студентите за запишување во првата година на студиската програма ... 21

5.17 Решение од претходна акредитација на студиската програма ... 21

5.18 Усогласеноста на теоретската и практичната настава со целите на студиската програма ... 24

5.19 Усогласеност на студиската програма со единствениот европски простор за високо образование и споредливост со програмите на европски високообразовни институции ... 24

Прилог бр. 1 Податоци за Факултетот ... 27

1.1 ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ (КАРТА) НА ВИСОКООБРАЗОВНАТА УСТАНОВА ... 27

1.2 АНЕКС КОН КАРТАТА НА ВИСОКООБРАЗОВНАТА УСТАНОВА ... 35

1.2.1 Договори за билатерална соработка со странски високообразовни установи или институции ... 35

1.2.2 Договори за членство во меѓународни асоцијации ... 41

1.2.3 Договори за билатерална соработка со високообразовни установи и институции во Република Северна Македонија ... 42

1.2.4 Меѓународни проекти ... 47

1.2.5 Проекти и изданија преку SEELS мрежата во кои учествувал Правниот факултет „Јустинијан Први“ - Скопје ... 49

1.2.6 Листа на валидни ЕРАСМУС договори за мобилност ... 51

Прилог бр. 2 Општи дескриптори на квалификации ... 55

Прилог бр. 3 Специфични дескриптори на квалификацијата ... 57

Прилог бр. 4 Студиска програма за трет циклус на студии – докторски студии од полето на правните науки од областа на право на интелектуална сопственост (авторско и пронајдувачко право) ... 59

4.1.1 Научноистражувачка етика на правните науки ... 63

4.1.2 Методологија на научноистражувачка работа во правните науки ... 71

4.2 Предмети за стекнување генерички знаења и вештини за истражување од универзитетска листа на изборни предмети ... 80

4.3 Студиската програма од полето на правните науки од областа на право на интелектуална сопственост (авторско и пронајдувачко право) ... 81

4.3.1 Студиската програма од полето на правните науки од областа на право на интелектуална сопственост (авторско и пронајдувачко право) ... 81

Прилог бр. 5 Предметни програми на студиската програма од полето на правните науки од областа на право на интелектуална сопственост (авторско и пронајдувачко право) (силабуси на предмети) ... 83

Прилог бр. 6 Список на наставен кадар со податоци за наставниците кои изведуваат настава на студиската програма (биографски податоци)........157

6.1 СПИСОК НА НАСТАВЕН КАДАР КОИ ИЗВЕДУВААТ НАСТАВА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА ........157

6.2 СПИСОК НА МЕНТОРИ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА (СО РЕШЕНИЈА ЗА АКРЕДИТАЦИЈА ЗА МЕНТОРИ)........159

6.3 ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНИЦИ КОИ ИЗВЕДУВААТ НАСТАВА (БИОГРАФИИ)........165

6.4. СПИСОК НА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТИ СО КОИ СЕ ОПФАТЕНИ НАЈМАЛКУ 20% ОД НАСТАВНИОТ КАДАР........268

Прилог бр. 7 Изјави од наставниците за давање согласност за учество во изведување настава по определени предмети........269

Прилог бр. 8 Додаток на диплома........286

# Задолжителни компоненти на студиската програма

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Карта на високообразовната институција | Прилог бр. 1 |
| 1 а. | Општи дескриптори на квалификации за секој циклус на студии согласно со Уредбата за националната рамка на високо образовните квалификации | Прилог бр. 2 |
| 1 б. | Специфични дескриптори на квалификацијата со кои се одредуваат резултатите од учењето за поединечна студиска програма согласно со уредбата за националната рамка на високо образовните квалификации | Прилог бр. 3 |
| 2. | Одлука за усвојување на студиска програма од Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје | Дел 1 |
| 3. | Одлука за усвојување на студиската програма од Ректорската управа или Универзитетскиот сенат односно Советот на научната установа | Дел 2 |
| 3.1 | Мислење на Одборот за соработа и доверба со јавноста | Дел 3 |
| 4. | Научно-истражувачко подрачје, поле и област, каде припаѓа студиската програма | Дел 5.3 |
| 5. | Вид на студиската програма | Дел 5.4 |
| 6. | Степен на образование | Дел 5.5 |
| 7. | Цел и оправданост за воведување на студиската програма | Дел 5.6 |
| 8. | Години и семестари на траење на студиската програма | Дел 5.5 |
| 9 | ЕКТС кредити со кои се стекнува студентот | Дел 5.5 |
| 10. | Начин на финансирање, а за приватните високо-образовни и научни установи и доказ за | Дел 5.8 |

| | | |
|---|---|---|
| | обезбедена квалитетна финансиска гаранција за студиската програма | |
| 11. | Услови за запишување | Дел 5 .7 |
| 12. | Информација за продолжување на образованието | Дел 5.10 |
| 13. | Структура на студиската програма согласно правилникот за организирање на докторски студии на единицата, број на предвидени предмети и стекнати кредити, како и кредити стекнати со изработка на докторскиот труд | Дел 5.11 и Прилог бр. 4 |
| 14. | Податоци за просторот предвиден за реализација на студиската програма | Прилог бр.1 |
| 15. | Листа на опрема предвидена за реализација на студиската програма | Прилог бр.1 |
| 16. | Предметни програми со информации согласно со членот 4 од правилникот | Прилог бр. 5 |
| 17. | Список на наставен кадар со податоци наведени во членот 5 од правилникот | Прилог бр. 6 |
| 18. | Изјава од наставникот за давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма | Прилог бр. 7 |
| 19. | Согласност од високообразовната установа за учество на наставникот во реализацијата на студиската програма | Дел 5.15 |
| 20. | Информација за бројот на студентите за запишување во првата година на студиската програма | Дел 5.16 |
| 21. | Информации за бројот на наставници во полето односно областа од научноистражувачкото подрачје неопходни за организирање на докторските студии | Прилог бр. 6 |
| 22. | Информации за обезбедена задолжителна и дополнителна литература | Дел 5.12 |
| 23. | Информации за веб страница | Дел 5.13 |
| 24. | Информација за реализација на научноистражувачки проекти со кои се опфатени најмалку 20% од наставниот кадар | Прилог бр. 6<br>Точка 6.4 |

| | | |
|---|---|---|
| 25. | Научниот назив<br>со кој се стекнува студентот по<br>завршување на студиската програма | Дел 5.9 |
| 26. | Активности и механизми преку кои<br>се развива и се одржува квалитетот<br>на наставата | Дел 5.14 |
| 26а. | Резултати од изведената<br>самоевалуација согласно Упатството за<br>единствените основи<br>на евалуација и евалуационите<br>постапки на универзитетите<br>донесено од Агенцијата за<br>евалуација на високото образование<br>во Република Македонија и од<br>Интеруниверзитетската<br>конференција на Република<br>Македонија (Скопје-Битола,<br>септември 2002). | Дел 5.14 |
| 27. | Решение од претходна акредитација на студиската програма | Дел 5.17 |
| 28. | Усогласеноста на теоретската и практичната<br>настава со целите на студиската програма | Дел 5.18 |
| 29. | Усогласеност на студиската програма со<br>единствениот европски простор за високо<br>образование и споредливост со програмите на<br>европски високообразовни институции | Дел 5.19 |
| 30. | Додаток на диплома | Прилог бр.8 |

1. Одлука за усвојување на студиска програма од полето на правните науки од областа на право на интелектуална сопственост (авторско и пронајдувачко право) на третиот циклус на студии од Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје

Република Северна Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 02-63/8
18 01 2021 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 110, став 1, точка 6 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр. 82/2018), член 58, став 1, точка 6 од Статутот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 454, 16 октомври 2019 година), како и врз основа на поднесениот предлог Елаборат за повторна акредитација на студиска програма од трет циклус на академски студии по Право на интелектуална сопственост (авторско и пронајдувачко право), од страна на Институтот за граѓанско право, Наставно-научниот совет на седницата одржана на 18.01.2021 година, ја донесе следнава

**ПРЕДЛОГ – ОДЛУКА**
**за усвојување на студиска програма од полето на правните науки од областа Право на интелектуална сопственост (авторско и пронајдувачко право) на трет циклус академски студии – докторски студии**

**Член 1**

Се усвојува Елаборатот за повторна акредитација на студиската програма од полето на правните науки од областа **Право на интелектуална сопственост (авторско и пронајдувачко право)** на трет циклус академски студии – докторски студии во рамките на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

**Член 2**

Наставата од студиската програма од полето на правните науки од областа **Право на интелектуална сопственост (авторско и пронајдувачко право)** на трет циклус академски студии – докторски студии ќе започне да се изведува по добивање согласност од Одборот за акредитација на високообразовните установи и по добивањето на согласност за исполнетост на условите за почеток со работа на студиската програма од страна на Владата на Република Северна Македонија.

**Член 3**

Предлог-одлуката да се достави до Ректорската управа и Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за усвојување на студиската програма од полето на правните науки од областа **Право на интелектуална сопственост (авторско и пронајдувачко право)** на трет циклус академски студии – докторски студии.

**Член 4**

Составен дел на оваа одлука е Елаборатот на студиската програма од полето на правните науки од областа **Право на интелектуална сопственост (авторско и пронајдувачко право)** на трет циклус академски студии – докторски студии.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

ДЕКАН,
Проф.д-р Горан Коевски

Доставено до:
- Ректорска управа/Универзитетски сенат
- продеканот за настава
- раководителот и секретарот на Советот на докторски студии
- секретарот
- раководителот на Одделение за студентски прашања, правни и општи работи
- советникот за студентски прашања, м-р Илија Манасиев
- архивата на Факултетот

2. Одлука за усвојување на Елаборатот за акредитација на студиската програма од полето на правните науки од областа на право на интелектуална сопственост (авторско и пронајдувачко право) на третиот циклус на студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје од страна на Универзитетскиот Сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**Ss. Cyril and Methodius University in Skopje**

**Одлука од УС**
Ознака: **ОВ 5.5/13**
Страна: 1 од 1

Бр. 02-134/38
29.1.2021 год.
Скопје

Врз основа на член 94, став 1, точка 3 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Северна Македонија бр.82/2018), член 157, став 1, точка 8 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Мислењето на Ректорската управа и по предлог на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на 7. седница одржана на 29.1.2021 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Проектот за повторна акредитација на студиската програма од трет циклус – докторски студии -*право на интелектуална сопственост (авторско и пронајдувачко право)*, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје**

**Член 1**

Се усвојува Проектотот за повторна акредитација на студиската програма од трет циклус – докторски студии -***право на интелектуална сопственост (авторско и пронајдувачко право)***, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

**Член 2**

Наставата, од студиската програма од трет циклус, докторски студии - ***право на интелектуална сопственост (авторско и пронајдувачко право)*** ќе започне да се изведува по добивањето на решение за акредитација од страна на Одборот за акредитација на високото образование и по добивањето на решение за исполнетост на условите за почеток со работа на студиската програма од страна на Агенцијата за квалитет на високото образование на Република Северна Македонија.

**Член 3**

Универзитетскиот сенат го упатува проектот од член 1 на оваа Одлука до Одборот за акредитација на високото образование на натамошна постапка за акредитација, односно повторна акредитација. Проектот, во печатена и во електронска форма до Одборот за акредитација на високото образование се доставува од страна на единицата на Универзитетот - предлагач и организатор на студиската програма.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со нејзиното донесување и ќе се објави во Универзитетски гласник.

**Претседател**
**Проф. д-р Анета Баракоска**

Доставено до:
- Правен факултет
- Одборот за акредитација на високото образование

# 3. Мислење на Одборот за соработка и доверба со јавноста

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 03-62/27
18 01 2021 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 122 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" бр. 82/2018) и член 80 од Статутот на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје („Универзитетски гласник" бр. 454, од 16 октомври 2019 година), Одборот за соработка и доверба со јавноста на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје на својата Е-седница одржана на 18.01.2021 година го донесе следново:

**МИСЛЕЊЕ**

Се дава позитивно мислење за Елаборатот за студиската програма од полето на правните науки од областа **Право на интелектуална сопственост (авторско и пронајдувачко право)** на трет циклус академски студии – докторски студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.

**Образложение**

Одборот за соработка и доверба со јавноста на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје со внимание го разгледа Елаборатот за студиската програма од полето на правните науки од областа **Право на интелектуална сопственост (авторско и пронајдувачко право)** на трет циклус академски студии – докторски студии, ги поздравува заложбите на Факултетот за нејзино повторно акредитирање и донесе заклучок дека предложената студиска програма ќе има значаен придонес во развојот и унапредувањето на високото образование во Република Северна Македонија и затоа истата треба повторно да се акредитира.

Врз основа на наведеното, Одборот за соработка и доверба со јавноста на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје **дава позитивно мислење** за повторна акредитација на студиската програма од полето на правните науки од областа **Право на интелектуална сопственост (авторско и пронајдувачко право)** на трет циклус академски студии – докторски студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.

Скопје, 18.01.2021 година

Претседател на Одборот,

Проф.д-р Дејан Мицковиќ

Д. Мицковиќ

Доставено до:
- Ректорска управа/Универзитетски сенат
- Претседателот на Одборот за соработка и доверба со јавноста
- Секретарот
- Архивата на Факултетот

Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - Правен Факултет "Јустинијан Први" - СКОПЈЕ
Република Северна Македонија

# 4. Вовед

## 4.1. Наставно-образовен процес

Правниот факултет во Скопје е член на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј"-Скопје, најголемиот и најстариот Универзитет во Република Македонија. Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" е формиран во 1949 како прв Универзитет во земјата. На 3 ноември 1951 год, Владата на Народна Република Македонија го основаше Правно-економскиот факултет како член на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј". Како резултат на зголемениот интерес за студирање, Правно-економскиот факултет беше поделен на два одделни факултети на 1 јули 1956 год. Оттогаш, Правниот факултет постои како посебна високо-образовна институција во рамките на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје.

На 1 април 2005 година, Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје усвои нови студиски програми за додипломските и последипломските студии за три студии: правни, политички студии и студии по новинарство. Новите студиски програми се потполно хармонизирани со европскиот кредит трансфер систем. Тие се засноваат на три циклуси на студии (додипломски, последипломски и докторски) врз основа на формулата 3+2+3 години. Образовниот процес се спроведува преку предавања, семинари, работилници, клиничка и практична работа.

Денес, Правниот факултет "Јустинијан Први" - Скопје претставува водечката академска институција во Македонија во областите на правото, политичките науки и новинарството. Академската заедница на факултетот опфаќа еминентни и почитувани професори и асистенти. На факултетот се отворени неколку истражувачки центри, а образовниот процес се остварува со употреба на најсовремена технологија. Правниот факултет „Јустинијан Први" има директна и индиректна соработка со преку 70 академски институции во Европа и во светот. Со оглед на имплементираниот Европскиот кредит трансфер систем во наставната програма на факултетот, како и на потребите на студентската мобилност, Факултетот стави посебен акцент на потпишување на билатерални договори со странски академски институции кои ќе им овозможат на студентите да поминат одреден дел од нивните студии во странство.

## 4.2. Цели на студиската програма

Целите на студиската програма за трет циклус на студии – докторски студии од полето на правните науки од областа на право на интелектуална сопственост (авторско и пронајдувачко право) на третиот циклус на студии на Правниот факултет ,,Јустинијан Први" во Скопје при Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје се следните:

- Да ги подготви студентите за систематско разбирање на правните науки и совршено познавање на методи и вештини за истражување во рамките на правните науки согласно највисоките меѓународни стандарди;
- Да ги подготви студентите да се стекнат со способност да толкуваат, дизајнираат, применуваат и адаптираат најкомплескни правни проблеми и преку тоа да остваруваат и спроведуаваат истражувања со научен интегритет. Врз основа на тоа со знањето и разбирањето на правните науки лицето да може да направи придонес преку оригинални истражувања кои ги поместуваат напред постојните граници на знаење, развивајќи нови знаења, вреднувани на ниво на национални и интернационални рецензирани публикации.;

- Да им овозможи на студентите да се стекнат со: способност за критичка анализа, оценување и синтеза на нови и сложени идеи, имајќи компетенции за проценка; способност за независно иницирање и учество во национални и меѓународни истражувачки мрежи и настани со научен интегритет; Способност за независно иницирање на истражувачки и развојни проекти, преку кои ќе генерира ново знаење и вештини за развој на правните науки;
- Да ги подготви студентите да можат да комуницира со своите колеги, пошироката академска заедница и со општеството во целина во рамките на својата област на експертиза и да ги споделуваат резултатите од своите истражувања;
- Да ги оспособи студетите да можат да се промовираат во академски и професионални рамки и во технолошкиот, социјалниот или културниот развој во општество базирано на знаење;
- Да им овозможи на студентот да ги развие вештините на критичко мислење и аналитичко решавање на проблеми на највисоко ниво;
- Да му овозможи услови на студентот да ги развие своите способности за академско истражување, презентирање на аргументи и нивно писмено изразување на највисоко ниво;
- Да ги подготви студентите за понатамошно академско усовршување на постдокторски студии во странство.

## 5. Основни информации за студиска програма од полето на правните науки од областа на право на интелектуална сопственост (авторско и пронајдувачко право) на третиот циклус на студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје

### 5.1 Назив на реализаторот

Студиската програма од полето на правните науки од областа на право на интелектуална сопственост (авторско и пронајдувачко право) на третиот циклус на студии ја реализира Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.

### 5.2 Назив на студиската програма

Називот на студиската програма е: Студиска програма за трет циклус на студии – докторски студии од полето на правните науки од областа на право на интелектуална сопственост (авторско и пронајдувачко право).

### 5.3 Научно-истражувачко подрачје, поле и област, каде припаѓа студиската програма

Студиска програма од полето на правните науки од областа на право на интелектуална сопственост (авторско и пронајдувачко право) на третиот циклус на студии се наоѓа во следното научно-истражувачко подрачје, поле и област:

- Научно-истражувачко подрачје: **општествени науки (5)**
- Поле: **правни науки (508)**
- Област/и: **авторско пронајдувачко право (50827)**

### 5.4 Вид на студиската програма

Студиска програма од полето на правните науки од областа на право на интелектуална сопственост (авторско и пронајдувачко право) се акредитира како **академски студии на трет циклус.**

### 5.5 Број на кредити, степен на образование и години и семестари на траење на студиската програма

Студиска програма од полето на правните науки од областа на право на интелектуална сопственост (авторско и пронајдувачко право) на третиот циклус на студии е организирана како **трет циклус студии** во траење од **три години или шест семестри**, а по нејзиното завршување студентот се стекнува со **VIII степен на високо образование (квалификација**) или **степен 8** според Европската рамка на високообразовни квалификации.

Со завршувањето на трогодишните академски студии од третиот циклус на студиската правни науки, студентот се стекнува со **180 ЕКТС кредити**.

### 5.6 Цел и оправданост за воведување на студиската програма

Целите на студиска програма од полето на правните науки од областа на право на интелектуална сопственост (авторско и пронајдувачко право) на третиот циклус на студии на

Правниот факултет ,,Јустинијан Први” во Скопје при Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје се следните:

- Да ги подготви студентите за систематско разбирање на правните науки и совршено познавање на методи и вештини за истражување во рамките на правните науки согласно највисоките меѓународни стандарди;
- Да ги подготви студентите да се стекнат со способност да толкуваат, дизајнираат, применуваат и адаптираат најкомплескни правни проблеми и преку тоа да остваруваат и спроведуаваат истражувања со научен интегритет. Врз основа на тоа со знањето и разбирањето на правните науки лицето да може да направи придонес преку оригинални истражувања кои ги поместуваат напред постојните граници на знаење, развивајќи нови знаења, вреднувани на ниво на национални и интернационални рецензирани публикации.;
- Да им овозможи на студентите да се стекнат со: способност за критичка анализа, оценување и синтеза на нови и сложени идеи, имајќи компетенции за проценка; способност за независно иницирање и учество во национални и меѓународни истражувачки мрежи и настани со научен интегритет; Способност за независно иницирање на истражувачки и развојни проекти, преку кои ќе генерира ново знаење и вештини за развој на правните науки;
- Да ги подготви студентите да можат да комуницира со своите колеги, поширокaта академска заедница и со општеството во целина во рамките на својата област на експертиза и да ги споделуваат резултатите од своите истражувања;
- Да ги оспособи студетите да можат да се промовираат во академски и професионални рамки и во технолошкиот, социјалниот или културниот развој во општество базирано на знаење;
- Да им овозможи на студентот да ги развие вештините на критичко мислење и аналитичко решавање на проблеми на највисоко ниво;
- Да му овозможи услови на студентот да ги развие своите способности за академско истражување, презентирање на аргументи и нивно писмено изразување на највисоко ниво;
- Да ги подготви студентите за понатамошно академско усовршување на постдокторски студии во странство.

## 5.7 Право на студирање на студиската програма

Запишувањето на студентите на трет циклус студии на студиска програма од полето на правните науки од областа на право на интелектуална сопственост (авторско и пронајдувачко право) ќе се врши според општите услови за запишување определени со Законот за високото образование и другите важечки прописи за оваа област, како и согласно посебните услови за запишување утврдени со конкурсот за упис на трет циклус на студии на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

На докторски студии можат да се запишат лица кои завршиле соодветни академски студии и кои ги исполнуваат следниве основни услови:

- завршен втор циклус академски студии со стекнати најмалку 300 ЕКТС-кредити од првиот и вториот циклус студии збирно;

- завршени постдипломски студии на студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем, на кои им се признаваат 60 кредити за организирана академска обука и предавања и друг вид комуникациски активности;
- стекната стручна подготовка според студиски програми за регулирани професии, со стекнати најмалку 300 ЕКТС-кредити, или со завршени интегрирани студии со 360 кредити;
- остварен просечен успех од претходно завршеното образование (прв и втор циклус студии посебно, односно на интегрираните студии), од најмалку 8.

  Наставно-научниот/наставно-научниот и уметнички/научниот совет со воведување на дополнителни услови, може да овозможи кандидат со остварен просечен успех од претходно завршеното образование (прв и втор циклус на студии посебно, односно на интегрираните студии), од најмалку 7,5, само по исклучок, доколку се исполнети дополнителни услови утврдени од Советот на студиската програма.

  - познавање на англиски јазик, што се докажува со уверение или сертификат издаден од Филолошкиот факултет „Блаже Конески"-Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, за ниво Б2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа, меѓународен сертификат за истото ниво издаден од официјален европски тестатор, утврден со конкурсот или диплома за претходно стекнато образование – додипломски студии (прв циклус) и/или постдипломски студии (втор циклус) каде студиската програма се изведувала на англиски јазик.

## 5.8 Начин на финансирање на студиската програма

Студентите на студиската програма од полето на правните науки од областа на право на интелектуална сопственост (авторско и пронајдувачко право) на трет циклус на студии **<u>ќе студираат со кофинансирање на студиите</u>**. Начинот на финансирање на студиската програма ќе се утврдуваат во рамките на Конкурсот за упис на студенти на трет циклус студии на УКИМ.

## 5.9 Назив на дипломата

Називот на дипломата е: **<u>доктор на правни науки од областа на право на интелектуална сопственост (doctor of law in intellectual property law) (PhD)</u>**.

## 5.10 Информација за продолжување на образованието

Студентите кои ќе ја завршат студиската програма од полето на правните науки од областа на право на интелектуална сопственост (авторско и пронајдувачко право) на трет циклус на студии ќе имаат стекнато 480 ЕКТС кредити и **<u>ќе можат да го продолжат своето образование на постдокторски студии во странство.</u>**

## 5.11 Утврден сооднос помеѓу задолжителните и изборните предмети, со листа на задолжителни предмети, листа на изборни предмети и дефиниран начин на избор на предметите

Врз основа на чл.139 ст. 3 од Законот за високото образование (Сл.В.РМ., бр.38/2018) **студиските програми за правни студии на сите циклуси се изземени од обврската** за структурирање на студиските програми со задолжителни и изборни предмети во определен

соодност, со листа на задолжителни предмети, листа на изборни предмети и дефиниран начин на избор на предметите.

I. Научноистражувачка етика на правните науки (проф. д-р Каролина Ристова Астеруд)
II. Методологија на научноистражувачка работа во правните науки (проф. д-р Јасна Бачовска Недиќ)

*Студентите на Студиска програма за трет циклус на студии – докторски студии од полето на правните науки од областа на право на интелектуална сопственост (авторско и пронајдувачко право), ги слушаат и полагаат предметите Научноистражувачка етика на правните науки (проф. д-р Каролина Ристова Астеруд) и Методологија на научноистражувачка работа во правните науки (проф. д-р Јасна Бачовска Недиќ) во првиот семестар и се стекнуваат со 3 ЕКТС кредити за секој предмет поединечно.*

III. Предмети за стекнување генерички знаења и вештини за истражување од универзитетска листа на изборни предмети

*Студентите на сите студиски програми од сите научни области на полето на правни науки во првиот семестар бираат еден предмет од Универзитетската листа на изборни предмети и се стекнуваат со 6 ЕКТС кредити.*

IV. Студиска програма **на полето правни науки од областа на право на интелектуална сопственост (авторско и пронајдувачко право);**

ОПИС НА НАЧИНОТ НА ИЗБОР НА ПРЕДМЕТИТЕ

Студентот избира три, односно два предмети од листата, при запишување на прв, односно втор семестар, соодветно.

Изборни предмети за I/II семестар

| р. бр. | КОД | НАСЛОВ НА ПРЕДМЕТОТ | КРЕДИТИ | ЧАСОВИ |
|---|---|---|---|---|
| 1. | 50827 | Основи на право на интелектуална сопственост | 6 | |
| 2. | 5082703 | Промет на правата од интелектуална сопственост | 6 | |
| 3. | 5082701 | Авторско право и сродни права | 6 | |
| 4. | 5082702 | Право на индустриска сопственост | 6 | |
| 5. | 5082704 | Конкурентско право | 6 | |
| 6. | 50835 | Право на информатичка технологија | 6 | |
| 7. | 5082311 | Електронска трговија и електронски договори | 6 | |
| 8. | 50835 | Заштита на податоци и дигитален идентитет | 6 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 9. | 50835 | Сајбер криминалитет и компјутерска форензика | 6 | |
| 10. | 50300 | Економски аспекти на правата од интелектуална сопственост | 6 | |
| 11. | 5082312 | Корпоративно управување и право од интелектуална сопственост | 6 | |
| 12. | 5080711 | Меѓународно приватно право на интелектуална сопственост | 6 | |
| 13. | 50835 | Административна и управно-судска заштита на правата од индустриска сопственост | 6 | |
| 14. | 508033209 | Граѓанско правна заштита на правата од интелектуална сопственост | 6 | |

## 5.12 Информации за обезбедена задолжителна и дополнителна литература

На Факултетот постои специјализирана библиотеки со огромен книжен фонд кој ќе биде на располагање на студентите. На студентите им се на располагање и другите библиотеки на УКИМ.

## 5.13 Информации за веб страница

- www.pf.ukim.edu.mk (на интернет страницата на Факултетот се ставени релевантни правни акти и сите актуелни студиски и предметни програми од прв, втор и трет циклус на студии со целосни информации условите и начинот на студирање на овие три циклуси).

## 5.14 Активности и механизми преку кои се развива и се одржува квалитетот на наставата

Активностите и механизмите преку кои ќе се развива и одржува квалитетот на наставата ќе се темели меѓу другото и на:

- Ефикасна и ефективна реализација на наставниот процес;
- Постојан развој на наставните содржини и методиката на предавања;
- Евалуација на квалитетот на наставата преку анкети на запишани студенти секој семестар;
- Редовна самоевалуација;
- Обезбедување можности за практиканство за стекнување практични знаења и вештини.

Врз основа на резултатите од евалуацијата и анкетите ќе се спроведат соодветни чекори за унапредување на квалитетот.

Самоевалуација по акредитирање на програмата ќе се изведува согласно Упатството и Правилникот на УКИМ во рамките на самоевалуацијата на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје.

Податоци за последната спроведена надворешна евалуација на УКИМ.
Европска програма за институционална евалуација (ПИЕ) Октомври 2017 година.

УСПЕШНО ЗАВРШЕНА ПЕТАТА НАДВОРЕШНА ЕВАЛУАЦИЈА НА УКИМ

Тргнувајќи од определбата за континуирана проверка, оцена, обезбедување и подобрување на квалитетот во сите домени на своето дејствување, на Универзитетот

„Св. Кирил и Методиј" во Скопје е успешно завршена петтата надворешна евалуација од страна на експертски тим номиниран од Европската асоцијација на универзитети, во Брисел, во состав: Џорџ Шулц, поранешен ректор, Универзитет за музика и театар во Грац, Австрија, Џоана Лиљерус, постдипломец, Универзитет во Тампере, Финска, Ленарт Олаусон, поранешен ректор, Универзитет во Малме, Шведска, Јанис Ветра, претседавач, Совет за високо образование на Латвија, Латвија, Андре Сурсок, постар советник, Европска асоцијација на универзитети, Белгија, координатор на тим Џорџ Шулц, поранешен ректор, Универзитет за музика и театар во Грац, Австрија, претседавач, Џоана Лиљерус, постдипломец, Универзитет во Тампере, Финска, Ленарт Олаусон, поранешен ректор, Универзитет во Малме, Шведска, Јанис Ветра, претседавач, Совет за високо образование на Латвија, Латвија, Андре Сурсок, постар советник, Европска асоцијација на универзитети, Белгија, координатор на тим

Според воспоставената процедура на европската програма за институционална евалуација, во изминатиов период е изготвен Извештај за самоевалуацијата на Универзитетот, а надворешната евалуација беше спроведена со посета на тимот за евалуација во период од 16-20 октомври 2017 на Универзитетот.

По завршување на посетата, во ноември 2017 година, пред академската заедница на УКИМ, од страна на експертскиот тим на Европската асоцијација на универзитети беше презентиран извештајот за петтата надворешна евалуација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со што уште еднаш се нагласи лидерската позиција и квалитетот на УКИМ во европски рамки.

Во Извештајот за надворешна евалуација се изнесени следниве главни оцени:

- Експертскиот тим посебно ја поздравува определбата на првиот државен, најголем и најдобро рангиран универзитет во државата - Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, за спроведување континуирана надворешна евалуација, петта по ред од 2003 година до денес, како значаен придонес во развивањето на културата на квалитетот;
- Тимот на ПИЕ беше импресиониран од капацитетот на Универзитетот Св. „Кирил и Методиј" во Скопје да работи во рамки на својата ограничена средина и неговиот многу прагматичен пристап во донесувањето одлуки. УКИМ треба да се пофали за јасното разбирање на неговата улога во јавната служба во Република Македонија;
- Со оглед на расположливите финансиски ресурси, тимот на ПИЕ смета дека УКИМ ќе ја зголеми својата ефикасност ако централизира некои клучни услуги (на пр. пишување предлози за грантови) и ако може да предложи и да спроведе заедничка стратегија за настава и учење, истражување, интернационализација и внатрешно обезбедување квалитет. Економијата на обем и ефективното спроведување би произлегле од подобра централна координација и стратегиско управување и би се намалиле голем дел од разликите што може да се забележат на Универзитетот;
- Визионерското лидерство на УКИМ, неговата посветеност и решителност да осигура понатамошен развој на Универзитетот се од суштинско значење за идниот развој на Универзитетот. Добро развиена стратегија, детален акциски план, добро информирани и вклучени студенти, академски кадар кој е обучен во нови педагогии, професионален административен кадар и добри внатрешни процеси за квалитет кои придонесуваат за понатамошен развој.

Во Извештајот, исто така, се содржани препораки за натамошното дејствување на УКИМ, од кои ги издвојуваме следниве:

- Едната е поврзана со концептот на „интегриран универзитет“. Со цел да се поттикне потенцијалот на интегрираниот универзитет во поголема мера, тимот препорачува дека централното ниво треба да го зголеми својот капацитет за да обезбеди стратегиско управување, наместо едноставно да ги усогласи традициите на факултетот
- Тимот целосно ја поддржува препораката од евалуацијата на ПИЕ од 2015 г., дека УКИМ „се фокусира само на највисоките приоритети кои се дел од процесот на стратегиско планирање, а истовремено нема доволна флексибилност за приспособување на понатамошни промени во надворешната средина. Ова треба да вклучи ситуациско планирање и планови за непредвидени ситуации“. Дополнително, би било корисно за УКИМ доколку Стратегискиот план е поспецифичен за идниот профил на Универзитетот.
- УКИМ треба систематски да ги користи податоците и информациите на iKnow кој содржи голем потенцијал за анализа на моделите на успех и неуспех на студентите и за развој на соодветни помошни активности. Факултетите треба да се поттикнат доследно да ги користат целосните функционалности на iKnow (односно главниот модул) за да се овозможи подлабока анализа на податоците и можност за подобрување во рамките на УКИМ.
- УКИМ треба да развие заедничко разбирање за тоа кои механизми на внатрешно обезбедување квалитет бараат развој и кој тип на култура на квалитет треба да се развива во УКИМ.
- Силно фокусирање на вработливоста треба да биде балансирано со „Надградување“, односно учење за личен развој, учење за да се научи, развивање критички став и други генерички вештини.
- УКИМ треба да ги разгледа студентските услуги за да потврди дека тие се соодветни за целите и дека се стандардизирани низ целиот универзитет

Во врска со докторските студии, тимот го препорачува следното:

- Да се обезбеди ден за ориентација студентите кои се запишуваат.
- Да понуди годишни семинари за менторите со можност за размена на искуства и подобрување на нивните вештини како ментори.
- Да се поттикне групна работа за време на часовите по етика и методологија што ќе им овозможи на студентите да го продлабочат своето разбирање за тие теми.
- Да се промовира интердисциплинарност и трансдисциплинарност преку мешање на студентите од различни дисциплини во двата предмета и мешање на студентите во публиката на годишните студентски семинари.
- Да се поддржат истражувањето на студентите преку олеснување на пристапот до бази на податоци и лабораториска опрема, со други зборови, преку обезбедување на повеќе структурирани врски (со факултети, институти, болници итн.) кога им се потребни ресурси надвор од нивниот факултет.
- Да се собираат повратни одговори за образованието на докторските студии преку организирање на фокус групи на студенти со Универзитетскиот одбор за докторски студии.
- Да се прекине изолираноста на некои студенти на докторски студии преку организирање академски и социјални настан

Како заклучок, Тимот им се заблагодарува на сите учесници во реализацијата на програмите на двете посети на Универзитетот, ги поздравува постигнувањата на УКИМ во изминативе години и ангажманот на сите учесници вклучени во процесите за промени.

Тимот го поттикнува Универзитетот да продолжи и натаму да ги развива напредните идеи и ставови, да продолжи да нуди иновативни решенија во опкружу- вањето што се менува и, во рамките на натамошното развивање на културата на квалитетот, да продолжи да се залага за постојано подобрување на квалитетот на целокупната дејност. Комуникацијата со надворешната околина треба да го истакнува придонесот што го чини Универзитетот за Македонија и за пошироката регионална заедница.

Извештајот е јавно достапен на следната страница: http://ukim.edu.mk/mk_content.php?meni=155&glavno=1

## 5.15 Согласност од високообразовната установа за учество на наставникот во реализацијата на студиската програма

Сите наставници наведени во Прилог 6 од овој Елаборат се наставници во работен однос и избрани во наставно научни звања на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје и ќе ја вршат високообразовната дејност на оваа студиска програма на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје.

На студиската програма од полето на правните науки од областа на право на интелектуална сопственост (авторско и пронајдувачко право) на трет циклус на студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје **нема наставници од друга единица на УКИМ, ниту пак од друг Универзитет** за кого би била потребна согласност согласно чл. 179 од Законот за високото образование (Сл.В.РМ., бр.38/2018).

## 5.16 Информација за бројот на студентите за запишување во првата година на студиската програма

Бројот на студентите кои се запишуваат на студиската програма од полето на правните науки од областа на право на интелектуална сопственост (авторско и пронајдувачко право) за сите три години на докторските студии ќе биде во согласност со бројот на расположливите ментори. Бројот на студенти за запишување во првата година на студиската програма ќе биде 10 студенти.

## 5.17 Решение од претходна акредитација на студиската програма

Решението за акредитација на студиската програма правни науки на трет циклус на студии е издадено од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија (бр.1409-428/2 од 02.03.2018 година) на научно истражувачкото порачје: општествени науки; научно истражувачко поле: правни науки; научна истражувачка област/и: 50800-50835.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА
НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

1409-428/2
02.03.

Примено: 06 03 2018
03-356/1

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016, 127/16), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 5 седница одржана на 01.03.2018 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за акредитација на студиските програма Правни науки трет циклус студии на Правен факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Се акредитира студиската програма **Правни науки трет циклус студии на Правен факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од три години (шест семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС и со звање:
**- Доктор на правни науки**
Научно - истражувачко подрачје: Општествени науки
Научно – истражувачко поле: Правни науки
Научно – истражувачко област: 50800 - 50835.

4. Акредитацијата на студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од **три** (III циклус) учебни години, почнувајќи од учебната 2018/2019......

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

1

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА**
**НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

## Образложение

Врз основа на донесената одлука на Наставно-научниот совет на Правен факултет, трет циклус студиските програми „Правни науки", на 28.12.2017 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на 2 седница, одржана на 18.01.2018 година формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на позитивната оценка содржана и извештајот на стручната комисија, на својата 5 седница одржана на 01.03.2018 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Академик Владо Камбовски

2

| 14. | 508033209 | Граѓанско правна заштита на правата од интелектуална сопственост | 6 | |

ОПИС НА НАЧИНОТ НА ИЗБОР НА ПРЕДМЕТИТЕ

Студентот избира три, односно два предмети од листата, при запишување на прв, односно втор семестар, соодветно. Секој од предметите носи по 6 ЕКТС кредити, односно вкупно 30 ЕКТС кредити.

# Прилог бр. 5 Предметни програми на студиската програма од полето на правните науки од областа на право на интелектуална сопственост (авторско и пронајдувачко право) (силабуси на предмети)

<table>
<tr><td>1.</td><td>Наслов на наставниот предмет</td><td colspan="4"><u>ОСНОВИ НА ПРАВО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ</u></td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Код</td><td colspan="4">50827</td></tr>
<tr><td>3.</td><td>Студиска програма</td><td colspan="4">Студиска програма за трет циклус на студии – докторски студии од полето на правните науки од областа на право на интелектуална сопственост (авторско и пронајдувачко право)</td></tr>
<tr><td>4.</td><td>Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)</td><td colspan="4">Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје</td></tr>
<tr><td>5.</td><td>Степен (прв, втор, трет)</td><td colspan="4">Трет циклус</td></tr>
<tr><td>6.</td><td>Академска година/семестар</td><td>Прва/втор-трет семестар</td><td>7.</td><td>Број на ЕКТС кредити</td><td>6</td></tr>
<tr><td>8.</td><td>Наставник</td><td colspan="4">Проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска<br>Проф. д-р Владо Бучковски<br>Проф. д-р Ненад Гавриловиќ<br>Проф. д-р Неда Здравева</td></tr>
<tr><td>9.</td><td>Предуслови за запишување на предметот</td><td colspan="4">/</td></tr>
<tr><td rowspan="2">10.</td><td colspan="5">Цели на предметната програма (компетенции):</td></tr>
<tr><td colspan="5">Предметната програма ги презентира основите на интелектуална сопственост, односно авторското и сродните права и правото на индустриска сопственост. Предметната програма опфаќа содржини кои се однесуваат на поимот, и изборите на првото од интелектуална сопственост, како носителите, субјектите и содржината на различните права од интелектуална сопственост. Тежиштето на материјата е поставено на анализа на меѓународните и европските извори на правото на интелектуална сопственост.<br>Со изучување на предметната програма студентите ќе се стекнат со знаења за основите на правото на интелектуална сопственост, видовите права и титуларите на правата. Истовремено ќе се обучат да ги препознаат и разликуваат правата на интелектуална сопственост во предметите што секојдневно ги опкружуваат. Студентите преку едукацијата ќе треба да се стекнат со знаења како да ги разликуваат творците (автор,</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | пронаоѓач, креатор) од носителите на правата (физички и правни лица), но и да осознаат кои права им припаѓаат (морални, материјални и други). Имајќи го предвид нивото на познавања што студентите на докторските студии треба да го поседуваат, најголемиот дел од содржините од предметната програма се фокусирани на меѓународната регулатива на правата од интелектуална сопственост.<br>Целата на предметот право на интелектуална сопственост е да ги оспособи студентите за следново:<br>да го разберат комплексниот систем на правото на интелектуална сопственост, како и неговата правна нормираност<br>да ги разберат различните видови права на интелектуална сопственост и начинот на нивно настанување, остварување и заштита<br>да стекнат способност за ефикасна примена на регулативата од оваа област, како ново и перспективно правно подрачје<br>да стекнат знаења за основите на меѓународното регулирање на правата од интелектуална сопственост<br>да се запознаат со европските извори на правото на интелектуална сопственост<br>да го сфатат системот на апроксимација на домашното право со европските и меѓународните извори од оваа област | |
| 11. | Содржина на предметната програма: | |
| | Недела 1:<br>Поим на правото на интелектуална сопственост<br>Недела 2:<br>Општо за изворите на правото на интелектуална сопственост<br>Недела 3:<br>Субјекти, носители и содржина на правата на интелектуална сопственост<br>Недела 4:<br>Меѓународни и европски извори на патентното право<br>Недела 5:<br>Меѓународни и европски извори на правото на индустриски дизајн<br>Недела 6:<br>Меѓународни и европски извори на правото на трговски марки<br>Недела 7:<br>Меѓународни и европски извори на правото на географски називи<br>Недела 8:<br>Меѓународни и европски извори на авторското право<br>Недела 9:<br>Меѓународни и европски извори на сродните права<br>Недела 10:<br>Методи на хармонизација на домашното право на интелектуална сопственост со меѓународните и домашните извори | |
| 12. | Методи на учење: | Материјата е поделена во 10 тематски единици. Секоја тематска единица започнува со поврзување на претходно стекнатите знаења на студентите. На почетокот се поставуваат прашања кои служат за поттикнување на истражувања од конкретната |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | проблематика. Се очекува студентите да бидат поттикнати на интерактивност. Секоја лекција содржи повеќе проектни активности и целни задачи и една од нив е завршен заклучок за определената тема. Модификацијата и проширените предлози преставуваат начин како да се надгради некоја активност дадена во лекција. Наставата ќе се изведува преку интерактивни предавања, практични вежби, симулации и анализа на случаи, видео-презентации, посета на релевантни институции, играње на улоги, и преку предавања на практичари од областа на интелектуалната сопственост. | | |
| 13. | Вкупен расположлив фонд на време | 15 недели | | |
| 14. | Распределба на расположливото време | 10 недели теоретска настава + 2 недели практична настава + 3 недели консултации со студенти | | |
| 15. | Форми на наставните активности | 15.1 | Предавања – теоретска настава | |
| | | 15.2 | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | |
| 16. | Други форми на активности | 16.1 | Проектни задачи | |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | |
| | | 16.3 | Домашно учење | |
| 17. | Начин на оценување | | | |
| | 17.1 | Тестови/завршен испит | | 100 бодови |
| | 17.2 | Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна) | | |
| | 17.3 | Активност и учество | | |
| 18. | Критериуми за оценување (бодови / оценка) | до 51 бода | 5 (пет) (F) | |
| | | од 51 до 60 бода | 6 (шест) (E) | |
| | | од 61 до 70 бода | 7 (седум) (D) | |
| | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) | |
| | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) | |
| | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) | |
| 19. | Услов за потпис и полагање на завршен испит | Присуство на настава | | |
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски јазик | | |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | Евалуација и самоевалуација | | |
| 22. | Литература | | | |
| | 22.1 | Задолжителна литература | | |

| | | Р. бр. | Автор | Наслов | Издавач | Година |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1. | Дабовиќ Анастасовска, Ј. и Пепељугоски В. | *Право на интелектуална сопственост* | Академик | 2012 |
| | | 2. | Прајм, Т., | *Европско право на интелектуална сопственост* | Просветно дело | 2009 |
| | | 3. | | *Закон за авторското право и сродните права*<br>*Закон за индустриската сопственост*<br>*Закон за заштита на топографијата на интегралните кола*<br>*Закон за облигационите односи* | | |
| | 22.2 | Дополнителна литература | | | | |
| | | Р. бр. | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Дабовиќ-Анастасовска, Ј. | Договор за лиценца: начин за водење бизнис | Центар за европско применето право и економија (ЦЕППЕ) | 2009 |
| | | 2. | Дабовиќ-Анастасовска, Ј., Здравева, Н. и Гавриловиќ, Н. | Основи на правото на интелектуална сопственост: практикум | Правен факултет „Јустинијан Први“ | 2011 |
| | | 3. | Дабовиќ-Анастасовска, А. и Пепељугоски, В. | Авторско право, 2-ро изд. | Правен факултет „Јустинијан Први“ | 2015 |
| | | 4. | Поленак-Аќимовска, М., Дабовиќ-Анастасовска, Ј., Бучковски, В. и Пепељугоски, В. | Интелектуална сопственост I: Индустриска сопственост | Правен факултет „Јустинијан Први“ | 2004 |
| | | 5. | Ricketson, S. and Ginsburg, J.C. | International Copyright and Neighbouring Rights: The Berne Convention and Beyond: volume I, 2nd | Oxford University Press | 2006 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | ed. | | |
| | | 6. | Ricketson, S. and Ginsburg, J.C. | International Copyright and Neighbouring Rights: The Berne Convention and Beyond: volume II, 2nd ed. | Oxford University Press | 2006 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | ПРОМЕТ НА ПРАВАТА ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ | | | |
| 2. | Код | 5082703 | | | |
| 3. | Студиска програма | Студиска програма за трет циклус на студии – докторски студии од полето на правните науки од областа на право на интелектуална сопственост (авторско и пронајдувачко право) | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет) | Трет циклус | | | |
| 6. | Академска година/семестар | Прва/втор-трет семестар | 7. | Број на ЕКТС кредити | 6 |
| 8. | Наставник | Проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска<br>Проф. д-р Ненад Гавриловиќ<br>Проф. д-р Неда Здравева | | | |
| 9. | Предуслови за запишување на предметот | / | | | |
| 10. | Цели на предметната програма (компетенции): | | | | |
| | Наставната содржина на предметот ги опфаќа, од една страна, основите на правото на трансфер на технологиите и посебните видови договори што се појавуваат како основ за трансфер на технологии, како и основите на авторското договорно право и посебните видови договори што се појавуваат како правен основ за стекнување со правото на искористување на авторското право и сродните права, од друга страна. Од самата содржина на предметната програма произлегува дека тежиштето на наставата се фокусира на модалитетите на пренос и отстапување на правата на интелектуална сопственост, а особено на патентите и знаењето и искуството. Од посебните договори што се правна основа за трансфер на технологиите посебно внимание се посветува на договорите за лиценца и договорот за know-how. Како системски би се разгледало прашањето, наставата опфаќа и поставување паралели и разликување помеѓу договорите за трансфер на технологии и договорите за франшиза. Во рамките на предметната програма, исти така, се изучуваат и современите појави ви т.н. entertainment индустрија, како што се франшизирањето во филмската индустрија, трговијата со ликови, аспектите на дигитализацијата итн.<br>Наставата е замислена така што студентите би можеле да се движат на материјата најпрво преку осознавање на основните начела на договорното право што се применуваат при трансферот на технологии и авторските договори, а потоа и низ изучувањето на посебните институти на правото што се појавуваат како правен основ за трансфер на технологиите и на овластувањата од авторското право и сродните права. Предметната програма, оттаму, ги опфаќа и различните модалитети на ползување на сопствената технологија, било лично било преку нејзино лиценцирање. Идејата на програмата, поради ова, е и да се презентираат начините на создавање и комерцијализација на технологијата. Понатаму, се изучуваат основните белези на авторските договори како модалитет на пренос на материјалните овластувања од авторското право и сродните права. По совладувањето на овој дел од материјата, во рамките на предметот се изучуваат посебните видови авторски договори., како што се издавачкиот договор, договорот за јавно изведување, договорот за јавно | | | | |

| | |
|---|---|
| | претставување, договорот за филмска продукција итн. Исто така, се изучуваат и модерните феномени на франшизирањето во филмската индустрија, лиценцирањето ан софтверот, трговијата со ликови и проблемите на дигитализацијата кај преносот на авторското право и сродните права.<br>Целата на предметната програма конкурентско право е да ги оспособи студентите за следново:<br>запознавање со основите на правото на трансфер на технологии и со основите на авторското договорно право<br>идентификација и примена на најразличните техники за комерцијализација на технологиите, како и на пренос на материјалните овластувања од авторското право и сродните права<br>разбирање на значењето и улогата на договорот за лиценца како средство за трансфер на технологии<br>вештини во примената на општите правила на договорното право кај договорите за трансфер на технологии<br>способност да се прави разлика помеѓу договорот за лиценца и договорот за пренос на знаење и искуство<br>способност да се идентификуваат паралелите помеѓу системот на трансфер на технологии и системот на франшизирање<br>способност да се сфатат интервенциите на конкурентското право кај договорите за трансфер на технологија<br>разбирање на значењето и улогата на издавачкиот договор како средство за пренесување на правото за репродукција и дистрибуција на делото<br>вештини во примената на општите правила на договорното право кај авторските договори<br>способност да се прави разлика помеѓу договорот за лиценца и авторските договори, како и улогата на т.н. лиценцирање на софтвер<br>способност да се идентификуваат паралелите помеѓу системот на тавторски договори и системот на франшизирање во филмската индустрија<br>способност да се сфатат поимот и улогата на трговијата со ликови |
| 11. | Содржина на предметната програма: |
| | Недела 1:<br>Основи на договорното право<br>Недела 2:<br>Основи на правото на трансфер на технологии и на лиценцното право<br>Недела 3:<br>Комерцијализација на технологијата<br>Недела 4:<br>Договори за лиценца<br>Недела 5:<br>Договор за know-how<br>Недела 6:<br>Поим и општи белези на авторските договори<br>Недела 7:<br>Издавачки договор, договор за јавно изведување и јавно претставување<br>Недела 8:<br>Франшизирањето во филмската индустрија<br>Недела 9: |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Трговија со ликови<br>Недела 10:<br>Дигитализацијата и авторските договори | | | | |
| 12. | Методи на учење: | Материјата е поделена во 10 тематски единици. Секоја тематска единица започнува со поврзување на претходно стекнатите знаења на студентите. Се очекува студентите да бидат поттикнати на интерактивност. Наставата ќе се изведува преку интерактивни предавања, практични вежби, симулации и анализа на случаи, видео-презентации, посета на релевантни институции, играње на улоги итн. | | | |
| 13. | Вкупен расположлив фонд на време | 15 недели | | | |
| 14. | Распределба на расположливото време | 10 недели теоретска настава + 2 недели практична настава + 3 недели консултации со студенти | | | |
| 15. | Форми на наставните активности | 15.1 | Предавања – теоретска настава | | |
| | | 15.2 | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | | |
| 16. | Други форми на активности | 16.1 | Проектни задачи | | |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | | |
| | | 16.3 | Домашно учење | | |
| 17. | Начин на оценување | | | | |
| | 17.1 | Тестови/завршен испит | 100 бодови | | |
| | 17.2 | Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна) | | | |
| | 17.3 | Активност и учество | | | |
| 18. | Критериуми за оценување (бодови / оценка) | до 51 бода | 5 (пет) (F) | | |
| | | од 51 до 60 бода | 6 (шест) (E) | | |
| | | од 61 до 70 бода | 7 (седум) (D) | | |
| | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) | | |
| | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) | | |
| | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) | | |
| 19. | Услов за потпис и полагање на завршен испит | Присуство на настава | | | |
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски јазик | | | |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | Евалуација и самоевалуација | | | |
| ć22. | Литература | | | | |
| | 22.1 | Задолжителна литература | | | |
| | | Р. бр. | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Дабовиќ- | Договор за лиценца: | Центар за | 2009 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Анастасовска, Ј. | начин за водење бизнис | европско применето право и економија (ЦЕППЕ) | |
| | | 2. | Дабовиќ-Анастасовска, А. и Пепељугоски, В. | Авторско право, 2-ро изд. | Правен факултет „Јустинијан Први“ | 2015 |
| | | 3. | Прајм, Т., | *Европско право на интелектуална сопственост* | Просветно дело | 2009 |
| | | 4. | | *Закон за авторското право и сродните права*<br>*Закон за индустриската сопственост*<br>*Закон за облигационите односи* | | |
| | 22.2 | Дополнителна литература | | | | |
| | | Р. бр. | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Дабовиќ Анастасовска, Ј. и Пепељугоски В. | *Право на интелектуална сопственост* | Академик | 2012 |
| | | 2. | Марковић, С. | Право интелектуалне својине | Службени гласник | 2000 |
| | | 3. | Sullivan, N.F. | Technology Transfer: Making the most of your intellectual property | Cambridge University Press | 1995 |
| | | 4. | Поленак-Аќимовска, М., Дабовиќ-Анастасовска, Ј., Бучковски, В. и Пепељугоски, В. | Интелектуална сопственост I: Индустриска сопственост | Правен факултет „Јустинијан Први“ | 2004 |

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | АВТОРСКО ПРАВО И СРОДНИ ПРАВА |
| 2. | Код | 5082701 |
| 3. | Студиска програма | Студиска програма за трет циклус на студии – докторски студии од полето на правните науки од областа на право на интелектуална сопственост (авторско и пронајдувачко право) |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје |
| 5. | Степен (прв, втор, трет) | Трет циклус |
| 6. | Академска година/семестар | Прва/втор-трет семестар |
| 7. | Број на ЕКТС кредити | 6 |
| 8. | Наставник | Проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска<br>Проф. д-р Ненад Гавриловиќ<br>Проф. д-р Неда Здравева |
| 9. | Предуслови за запишување на предметот | / |
| 10. | Цели на предметната програма (компетенции): | |
| | Предметната програма ги презентира основите авторското и сродните права. Предметната програма опфаќа содржини кои се однесуваат на поимот, настанувањето и развојот на првото од интелектуална сопственост, како и различните видови домашни и меѓународни извори на ова право. Најголемо внимание ќе се посвети на изучување на содржината и остварувањето на авторското право и сордните права.<br>Со изучување на предметната програма студентите ќе се стекнат со знаења за основите на авторското право и сродните права, Студентите преку едукацијата ќе треба да се стекнат со знаења како да ги разликуваат творците од носителите на правата (физички и правни лица), но и да осознаат кои права им припаѓаат (морални, материјални и други). Стекнувајќи се со знаења за правата што им припаѓаат на носителите, студентите ќе се стекнат со практични знаења како се врши прометот на авторското право и сродните права, при тоа ќе сфатат колкаво е значењето но и економската вредност на овие права во светот и кај нас. Посебно ќе се стекнат со вештини за преговарање и изработка на договор за издаваштво, договор за филмско дело, договор за јавно прикажување, договор за авторско дело од работен однос и сл. Како резултат на добиените знаења студентите ќе се оспособат да ги препознаваат секојдневните повреди на авторското право и сродните права, но ќе ги изучат и причините за овие појави. Како логична завршница на овој курс студентите ќе се стекнат со знаења за заштитата на овие права.<br>Целата на предметот право на интелектуална сопственост е да ги оспособи студентите за следново:<br>да го разберат комплексниот систем на авторското право и сродните права, како и неговата правна нормираност<br>да ги разберат основните компоненти и содржината на авторското право<br>да ги разберат различните видови сродни права и начинот на нивно настанување, остварување и заштита<br>да можат на соодветен начин да ги стават во промет авторското право и сродните права<br>да стекнат способност за ефикасна примена на регулативата од оваа област, како ново и перспективно правно подрачје | |

| | | |
|---|---|---|
| 11. | Содржина на предметната програма: | |
| | Недела 1:<br>Поим на авторско право и сродни права<br>Недела 2:<br>Извори на авторско право и сродни права<br>Недела 3:<br>Содржина и искористување на авторското право<br>Недела 4:<br>Авторски дела<br>Недела 5:<br>Содржина и искористување на сродните права<br>Недела 6:<br>Ограничување и траење на авторското право и сродните права<br>Недела 7:<br>Остварување на авторското право и сродните права<br>Недела 8:<br>Прометливост на авторското право и сродните права<br>Недела 9:<br>Проблемот на дигитализацијата и авторското право и сродните права<br>Недела 10:<br>Правна заштита на авторското право и сродните права | |
| 12. | Методи на учење: | Материјата е поделена во 10 тематски единици. Секоја тематска единица започнува со поврзување на претходно стекнатите знаења на студентите. На почетокот се поставуваат прашања кои служат за поттикнување на истражувања од конкретната проблематика. Се очекува студентите да бидат поттикнати на интерактивност. Наставата ќе се изведува преку интерактивни предавања, практични вежби, симулации и анализа на случаи, видео-презентации, посета на релевантни институции, играње на улоги, и преку предавања на практичари од областа на интелектуалната сопственост. Наставните содржини кои се обработуваат во рамките на предметната програма се наведени како тематски целини. Теоретскиот дел од наставата кој е планиран за секој од часовите е целно именуван, во смисла на знаењата кои треба да се стекнат во текот на секој од часовите. |
| 13. | Вкупен расположлив фонд на време | 15 недели |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 14. | Распределба на расположливото време | | 10 недели теоретска настава + 2 недели практична настава + 3 недели консултации со студенти | | | |
| 15. | Форми на наставните активности | | 15.1 | Предавања – теоретска настава | | |
| | | | 15.2 | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | | |
| 16. | Други форми на активности | | 16.1 | Проектни задачи | | |
| | | | 16.2 | Самостојни задачи | | |
| | | | 16.3 | Домашно учење | | |
| 17. | Начин на оценување | | | | | |
| | 17.1 | Тестови/завршен испит | | | 100 бодови | |
| | 17.2 | Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна) | | | | |
| | 17.3 | Активност и учество | | | | |
| 18. | Критериуми за оценување (бодови / оценка) | | до 51 бода | | 5 (пет) (F) | |
| | | | од 51 до 60 бода | | 6 (шест) (E) | |
| | | | од 61 до 70 бода | | 7 (седум) (D) | |
| | | | од 71 до 80 бода | | 8 (осум) (C) | |
| | | | од 81 до 90 бода | | 9 (девет) (B) | |
| | | | од 91 до 100 бода | | 10 (десет) (A) | |
| 19. | Услов за потпис и полагање на завршен испит | | Присуство на настава | | | |
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | | Македонски јазик | | | |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | | Евалуација и самоевалуација | | | |
| 22. | Литература | | | | | |
| | 22.1 | Задолжителна литература | | | | |
| | | Р. бр. | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Дабовиќ Анастасовска, Ј. и Пепељугоски В. | *Право на интелектуална сопственост* | Академик | 2012 |
| | | 2. | Дабовиќ-Анастасовска, А. и Пепељугоски, В. | Авторско право, 2-ро изд. | Правен факултет „Јустинијан Први“ | 2015 |
| | | 3. | Прајм, Т., | *Европско право на интелектуална сопственост* | Просветно дело | 2009 |
| | | 4. | | *Закон за авторското право и сродните права*<br>*Закон за облигационите* | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | *односи* | | |
| | 22.2 | Дополнителна литература | | | | |
| | | Р. бр. | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Поленак-Аќимовска, М., Дабовиќ-Анастасовска, Ј., Пепељугоски, В., Наумовски Г., Здравева, Н., и Гавриловиќ, Н. | Авторско право и сродни права: коментар и прилози | Правен факултет „Јустинијан Први“ | 2004 |
| | | 2. | Марковић, С. | Право интелектуалне својине | Службени гласник | 2000 |
| | | 3. | Adeney, E. | The Moral Rights of Authors and Performers: an International and Comparative Analysis | Oxford University Press | 2006 |
| | | 4. | Бесаровић, В | Интелектуална својина: индустријска својина и ауторско право, 3ће изд. | Чигоја штампа | 2000 |
| | | 5. | Davis, J. | Intellectual Property Law, 2nd ed. | Oxford University Press | 2003 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | ПРАВО НА ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ | | | |
| 2. | Код | 5082702 | | | |
| 3. | Студиска програма | Студиска програма за трет циклус на студии – докторски студии од полето на правните науки од областа на право на интелектуална сопственост (авторско и пронајдувачко право) | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | Правен факулет „Јустинијан Први“ – Скопје | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет) | Трет циклус | | | |
| 6. | Академска година/семестар | Прва/втор-трет семестар | 7. | Број на ЕКТС кредити | 6 |
| 8. | Наставник | Проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска<br>Проф. д-р Ненад Гавриловиќ<br>Проф. д-р Неда Здравева | | | |
| 9. | Предуслови за запишување на предметот | / | | | |
| 10. | Цели на предметната програма (компетенции): | | | | |
| | Развојот на новите технологии, растот на меѓународниот промет на стоки и услуги во кои се инкорпорирани правата од индустриска сопственост (патенти, индустриски дизајни, трговски марки, ознаки на потекло, географски ознаки итн.), процесот на евроинтеграција, поттикнувањето и заштитата на творештвото се само мал дел од причините зошто треба да се изучува правото на индустриска сопственост. Значењето и економскиот ефект од ваквото образование, секако отвораат нови можности за идниот ангажман на младите правници.<br><br>Предметната програма опфаќа содржини кои се однесуваат на поимот, настанувањето и развојот на правото од индустриска сопственост, како и различните видови домашни и меѓународни извори на ова право. Најголемо внимание ќе се посвети на различните видови права на индустриска сопственост, нивната прометливост и методите на нивна заштита.<br><br>Со изучување на предметот студентите ќе се стекнат со знаења за основите на правото на индустриска сопственост, видовите права титуларите на правата. Истовремено ќе се обучат да ги препознаат и разликуваат правата на индустриска сопственост во предметите што секојдневно ги опкружуваат. Кај правата што подлежат на регистрација, студентите ќе се обучат како да пополнат за, патент, трговска марка, индустриски дизајн итн. Студентите преку едукацијата ќе треба да се стекнат со знаења како да ги разликуваат творците (автор, пронаоѓач, креатор) од носителите на правата (физички и правни лица), но и да осознаат кои права им припаѓаат (морални и материјални). Стекнувајќи се со знаења за правата што им припаѓаат на носителите, студентите ќе се стекнат со практични знаења како се врши прометот на правата од индустриска сопственост (ПИС), при тоа ќе сфатат колкаво е значењето но и економската вредност на овие права во светот и кај нас. Посебно ќе се стекнат со | | | | |

| | |
|---|---|
| | вештини за преговарање и изработка на договорите за пренос на ПИС - договорот за лиценца, цесија, франшизинг, трансфер на технологии и сл. Како резултат на добиените знаења студентите ќе се оспособат да ги препознаваат секојдневните повреди на ПИС (фалсификување) но ќе ги изучат и причините за овие појави. Како логична завршница на овој курс студентите ќе се стекнат со знаења за граѓанскоправната, казненоправната и управноправната заштита на овие права. Студентите треба да ја изучат и разберат надлежноста на различните административни и правосудни органи во системот на заштита на индустриската сопственост и потребата од нивна ефикасна и ефективна заштита. При тоа студентите во рамките на совладувањето на предметната програма ќе пополнуваат обрасци на пријави пред Царинската управа, Државен пазарен инспекторат, полицијата и јавното обвинителство, посебно внимание ќе се посвети на различните видови тужби. Цел на едукацијата е преку анализа на случаи и судски одлуки да се стекне вештина за применување на законските одредби во пракса.<br><br>Изучувањето на овој предмет на правниците ќе им овозможи:<br><br>• да го разберат значењето, местото и улогата на правото на индустриска сопственост во правниот систем<br>• да ги идентификуваат различните видови права на индустриска сопственост и условите на нивна заштита<br>• да се подготвени на соодветен начин да ги стават во промет правата од индустриска сопственост<br>• соодветно да се подготват за полагање стручен испит за застапници од индустриска сопственост, што може да биде нивна идна професија<br>• воопшто, да стекнат способност да работат во новото, разнолико, перспективно и вносно поле на заштита на индустриската сопственост |
| 11. | Содржина на предметната програма: |
| | **Недела 1**:<br><br>Поим на правото на индустриска сопственост<br><br>**Недела 2**:<br><br>Извори на правото на индустриска сопственост<br><br>**Недела 3**:<br><br>Основи на административната постапка за стекнување со права на индустриска сопственост |

| | | |
|---|---|---|
| | **Недела 4**:<br><br>Патентно право<br><br>**Недела 5**:<br><br>Право на индустриски дизајн<br><br>**Недела 6**:<br><br>Право на трговска марка<br><br>**Недела 7**:<br><br>Право на географски називи<br><br>**Недела 8**:<br><br>Прометливост на правата на индустриска сопственост 1<br><br>**Недела 9**:<br><br>Прометливост на правата на индустриска сопственост 2<br><br>**Недела 10**:<br><br>Правна заштита на правата од индустриска сопственост | |
| 12. | Методи на учење: | Материјата е поделена во 10 тематски единици. Секоја тематска единица започнува со поврзување на претходно стекнатите знаења на студентите. Се очекува студентите да бидат поттикнати на интерактивност. Наставата ќе се изведува преку интерактивни предавања, практични вежби, симулации и анализа на случаи, видео-презентации, посета на релевантни институции, играње на улоги, и преку предавања на практичари од областа на индустриската сопственост. Теоретскиот дел од наставата кој е планиран за часовите е целно именуван, во смисла на знаењата кои треба да се стекнат во текот на часовите. Целта на секој од часовите е да се стекнат основни теоретски знаења кои веднаш би можеле практично да се имплементираат. |
| 13. | Вкупен расположлив фонд на време | 15 недели |
| 14. | Распределба на расположливото време | 10 недели теоретска настава + 2 недели |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | практична настава + 3 недели консултации со студенти | | | |
| 15. | Форми на наставните активности | | | 15.1 | Предавања – теоретска настава | | |
| | | | | 15.2 | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | | |
| 16. | Други форми на активности | | | 16.1 | Проектни задачи | | |
| | | | | 16.2 | Самостојни задачи | | |
| | | | | 16.3 | Домашно учење | | |
| 17. | Начин на оценување | | | | | | |
| | 17.1 | Тестови/завршен испит | | | | 100 бодови | |
| | 17.2 | Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна) | | | | | |
| | 17.3 | Активност и учество | | | | | |
| 18. | Критериуми за оценување (бодови / оценка) | | | до 51 бода | | 5 (пет) (F) | |
| | | | | од 51 до 60 бода | | 6 (шест) (E) | |
| | | | | од 61 до 70 бода | | 7 (седум) (D) | |
| | | | | од 71 до 80 бода | | 8 (осум) (C) | |
| | | | | од 81 до 90 бода | | 9 (девет) (B) | |
| | | | | од 91 до 100 бода | | 10 (десет) (A) | |
| 19. | Услов за потпис и полагање на завршен испит | | | Присуство на настава | | | |
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | | | Македонски јазик | | | |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | | | Евалуација и самоевалуација | | | |
| 22. | Литература | | | | | | |
| | 22.1 | Задолжителна литература | | | | | |
| | | Р. бр. | Автор | Наслов | | Издавач | Година |
| | | 1. | Дабовиќ Анастасовска, Ј. и Пепељугоски В. | *Право на интелектуална сопственост* | | Академик | 2012 |
| | | 2. | Прајм, Т., | *Европско право на интелектуална сопственост* | | Просветно дело | 2009 |
| | | 3. | | *Закон за индустриската сопственост*<br><br>*Закон за заштита на топографијата на интегралните кола*<br><br>*Закон за царинските* | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | *мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост*<br><br>*Закон за облигационите односи* | | |
| | 22.2 | Дополнителна литература | | | | |
| | | Р. бр. | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Поленак-Аќимовска, М., Дабовиќ-Анастасовска, Ј., Бучковски, В. и Пепељугоски, В. | Интелектуална сопственост I: Индустриска сопственост | Правен факултет „Јустинијан Први“ | 2004 |
| | | 2 | Марковиħ, С. | Право интелектуалне својине | Службени гласник | 2000 |
| | | 3. | Поленак-Аќимовска, М., Дабовиќ-Анастасовска, Ј., Бучковски, В., Пепељугоски, В. и Варга, Љ. | Право на индустриска сопственост: практикум | Државен завод за индустриска сопственост | 2005 |
| | | 4. | Бесаровић, В | Интелектуална својина: индустријска својина и ауторско право, 3ће изд. | Чигоја штампа | 2000 |
| | | 5. | Davis, J. | Intellectual Property Law, 2nd ed. | Oxford University Press | 2003 |
| | | 6. | Marković, S. | Patentno pravo | Nomos | 1997 |

<table>
<tr><td>1.</td><td>Наслов на наставниот предмет</td><td colspan="4"><u>КОНКУРЕНТСКО ПРАВО</u></td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Код</td><td colspan="4">5082704</td></tr>
<tr><td>3.</td><td>Студиска програма</td><td colspan="4">Студиска програма за трет циклус на студии – докторски студии од полето на правните науки од областа на право на интелектуална сопственост (авторско и пронајдувачко право)</td></tr>
<tr><td>4.</td><td>Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)</td><td colspan="4">Правен факулет „Јустинијан Први“ – Скопје</td></tr>
<tr><td>5.</td><td>Степен (прв, втор, трет)</td><td colspan="4">Трет циклус</td></tr>
<tr><td>6.</td><td>Академска година/семестар</td><td>Прва/втор-трет семестар</td><td>7.</td><td>Број на ЕКТС кредити</td><td>6</td></tr>
<tr><td>8.</td><td>Наставник</td><td colspan="4">Проф. д-р Горан Коевски<br>Проф. д-р Ненад Гавриловиќ</td></tr>
<tr><td>9.</td><td>Предуслови за запишување на предметот</td><td colspan="4">/</td></tr>
<tr><td>10.</td><td colspan="5">Цели на предметната програма (компетенции):</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="5">Активностите на пазарните субјекти, во современи услови, достигнуваат висок степен на разноликост со што се појавува потребата од подетално регулирање на различните деловни практики. Конкурентското право се состои од антимонополското право и правото за спречување на нелојалната конкуренција. Антимонополското право се занимава со проучување на активностите на пазарните субјекти со кои се ограничува конкуренцијата и изнаоѓањето на соодветни правни методи на борба со рестриктивната практика и создавање на монополска положба на пазарот. Правото за спречување на нелојалната конкуренција, од друга страна, ги регулира односите помеѓу субјектите на пазарот, осигурувајќи фер постапување и дејствување согласно добрите деловни обичаи и деловниот морал.<br>Имајќи ги предвид аспирациите на Република Македонија за полноправно членство во Европската Унија, предметната програма опфаќа соодветно ново на материја што директно произлегува од законодавството на Европската Унија насочено кон заштита на конкуренцијата. Ова е од особено значење ако се има предвид дека домашното законодавство, во неговиот најголем дел, претставува имплементација на европските решенија од оваа област. Притоа, предметната програма опфаќа е компаративен преглед на законодавствата од областа на конкуренцијата, а особено правото на Соединетите американски држави и правото на Сојузна Република Германија.<br>Во рамките на предметната програма конкурентско право студентите се запознаваат со основниот концепт на конкуренцијата и модалитетите на нејзината заштита.<br>Оправданоста на заштита на конкуренцијата има, првенствено, своја економска оправданост, додека модалитетите на нејзината заштита се основа за поставување на правната заштита на конкуренцијата. Во контекст на ова, студентите треба да се стекнат со познавање на целта и границите на државната регулација на слободниот пазар. Исто така, во предметната програма се изучуваат основите на монополското однесување на пазарот, односно на монополизмот како економска и права појава, како и посебните видови монополи и монополски спогодби. Имајќи ги предвид различните модалитети на антикомпетитивно однесување на учесниците на пазарот, во предметната програма се претставуваат различните регулативи за борба против монополизмот и монополистичкото однесување. Во однос на компаративните модели на антимонополска регулатива, посебен акцент е ставен на правото на САД и правото на СР</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | Германија.<br>Понатаму, во предметната програма се изучуваа конкурентското право на ЕЗ, од едноставна причина што ова право претставува основа за изградување на домашниот систем на заштита на конкуренцијата. Во рамките на правото на ЕЗ, посебно се образлагаат правилата на договори, одлуки на здруженија и усогласени практики што и штетат на конкуренцијата, системите на изземања на ваквите однесувања, правилата за злоупотреба на доминантната положба, правилата за контрола на концентрациите и, конечно, спроведувањето на ЕЗ конкурентското право. Што се однесува, пак, на домашната регулатива, анализирани се историските, развојните и современите аспекти на домашниот систем на заштита на конкуренцијата. Конечно, во рамките на предметната програма се разгледуваат и правилата за државната помош, како и правилата за спречување на нелојалната конкуренција.<br>Целата на предметната програма конкурентско право е да ги оспособи студентите за следново:<br>да ги запознае студентите со системот на конкурентското право и специфичностите на неговите составни делови;<br>да ги запознае студентите со економските основи и правната оправданост на конкурентското право;<br>стекнување познавања за поимот и видовите на монопол и монополистичко однесување на пазарот;<br>запознавање со основната терминологија и институти на конкурентското право;<br>запознавање со основите на компаративната регулатива од областа на заштитата на конкуренцијата;<br>стекнување основи знаења за системот за заштита на конкуренцијата на ЕЗ;<br>запознавање со содржината ана домашното конкурентско право;<br>разбирање на модалитетите на контрола на антикомпетитивните спогодби, одлуки на здруженија и усогласени практики;<br>разбирање на системот на индивидуални и групни изземања;<br>запознавања со начините на спречување на злоупотреба на доминантната позиција на пазарот;<br>запознавање со системот на контрола на концентрациите;<br>стекнување знаења со начините на спроведување на антимонополската регулатива;<br>запознавање со основите на системот на државна помош и неговото влијание на конкуренцијата;<br>запознавање со дејствијата на нелојална конкуренција и заштитата од вакви дејствија. |
| 11. | Содржина на предметната програма: |
| | Недела 1:<br>Поим и извори на конкурентското право<br>Недела 2:<br>Поим и дефинирање на монополот како фактичка или законска положба<br>Недела 3:<br>Видови монополистички спогодби и монополи<br>Недела 4:<br>Компаративни системи на антимонополска регулатива<br>Недела 5:<br>Основи на конкурентското право на ЕЗ<br>Недела 6:<br>Системот на изземања според правото на ЕЗ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Недела 7:<br>Злоупотребата на доминантната позиција, концентрации и спроведување на конкурентското право на ЕЗ<br>Недела 8:<br>Правата на интелектуална сопственост и конкурентското право<br>Недела 9:<br>Систем на македонското конкурентско право<br>Недела 10:<br>Државната помош во правото на ЕЗ и правото на Република Македонија | | | |
| 12. | Методи на учење: | Материјата е поделена во 10 тематски единици. Секоја тематска единица започнува со поврзување на претходно стекнатите знаења на студентите. Се очекува студентите да бидат поттикнати на интерактивност. Наставата ќе се изведува преку интерактивни предавања, практични вежби, симулации и анализа на случаи, видео-презентации, посета на релевантни институции, играње на улоги и преку предавања на практичари од областа на заштитата на конкуренцијата. | | |
| 13. | Вкупен расположлив фонд на време | 15 недели | | |
| 14. | Распределба на расположливото време | 10 недели теоретска настава + 2 недели практична настава + 3 недели консултации со студенти | | |
| 15. | Форми на наставните активности | 15.1 | Предавања – теоретска настава | |
| | | 15.2 | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | |
| 16. | Други форми на активности | 16.1 | Проектни задачи | |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | |
| | | 16.3 | Домашно учење | |
| 17. | Начин на оценување | | | |
| | 17.1 | Тестови/завршен испит | 100 бодови | |
| | 17.2 | Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна) | | |
| | 17.3 | Активност и учество | | |
| 18. | Критериуми за оценување (бодови / оценка) | до 51 бода | 5 (пет) (F) | |
| | | од 51 до 60 бода | 6 (шест) (E) | |
| | | од 61 до 70 бода | 7 (седум) (D) | |
| | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) | |
| | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) | |
| | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) | |
| 19. | Услов за потпис и полагање на завршен испит | Присуство на настава | | |

| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | | Македонски јазик | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | | Евалуација и самоевалуација | | |
| 22. | Литература | | | | |
| | 22.1 | Задолжителна литература | | | |
| | | Р. бр. | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Пепељугоски, В. | Право на конкуренција: антимонополско право | ФОН Универзитет | 2009 |
| | | 2. | Клунцингер, Е. | Основи на трговското право | Арс Ламина | 2012 |
| | | 3. | Крег, П., де Бурка, Г. | Право на ЕУ: текстови, случаи и материјали | Магор | 2010 |
| | | 4. | | *Закон за заштита на конкуренцијата*<br>*Закон против нелојалната конкуренција*<br>*Закон за контрола на државната помош*<br>*Закон за облигационите односи* | | |
| | 22.2 | Дополнителна литература | | | |
| | | Р. бр. | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Jones, A. and Sufrin, B. | EC Competition Law: Text, Cases and Materials, 3rd ed. | Oxford University Press | 2008 |
| | | 2. | Slot, P.J. and Johnston, A.C. | An Introduction to Competition Law, 1st english edition | Hart Publishing | 2006 |
| | | 3. | Ghidini, G. | Intellectual Property and Competition Law: The Innovanion Nexus | Edward Elgar | 2006 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | ПРАВО НА ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА | | | |
| 2. | Код | 50835 | | | |
| 3. | Студиска програма | Потпрограма за докторски студии по право на интелектуална сопственост (авторско и пронајдувачко право) | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет) | Трет циклус | | | |
| 6. | Академска година/семестар | Прва/втор-трет семестар | 7. | Број на ЕКТС кредити | 6 |
| 8. | Наставник | Проф. д-р Гоце Наумовски | | | |
| 9. | Предуслови за запишување на предметот | / | | | |
| 10. | Цели на предметната програма (компетенции): | | | | |
| | Оспособување на студентите на третиот циклус на студии за стекнувања продлабочени знаења од областа на правото и информатичката технологија, со цел стекнување на способност да:<br>пребарува извори на интернет релевантни за правото<br>давање на стручна подготовка при документационо водење на правничката професија<br>ползување на информатичката технологија со цел олеснување на јуриспруденцијата<br>запознавање и воведување во поврзаноста на позитивноправните дисциплини со информатичката технологија<br>интеракцијата на „традиционалните правни дисциплини“ со информатичката технологија.<br>Содржина на предметот:<br>Недела 1<br>1. Информатичката технологија денес<br>2. Историски развој на информатичката технологија<br>Недела 2<br>1. Правниот предизвик на информатичката технологија<br>Документарна информатика (Пребарување правни материјали. Правни банки на податоци и извори на закони на интернет)<br>Мета-документарна информатика (Проблеми поврзани со примената на информатиката во анализата на правните текстови и методи на претставување на правната терминологија<br>Правни аспекти на заедниците на виртуелна реалност<br>Недела 3<br>1. Јавни банки за податоци: пристап и приватност<br>2. Дигитални документи и форми, протоколи и дигитални потписи во јавната област<br>3. Стекнување добра и услуги со електронски постапки (е-набавки)<br>Недела 4<br>4. Користење на информатичката професија во вршењето на правната професија<br>4.1. Примена на информатичка технологија во законодавството<br>4.2. Примена на информатичката технологија во судството<br>4.3. Примена на информатичката технологија во јавната администрација<br>4.4. Примена на информатичката технологија во адвокатска канцеларија<br>4.5. Примена на информатичката технологија во дипломатијата<br>Недела 5<br>5. Електронска пошта (e-mail) во правната професија | | | | |

| | |
|---|---|
| | 5.1. Етички и правни прашања<br>5.2. Соодветна употреба на службена (официјална) електронска пошта<br>5.3. Автоматско препраќање (auto - forward) и автоматски одговор (auto reply)<br>ПРАВНИ АСПЕКТИ НА ИНФОРМАТИЧКАТА ТЕХНОЛОГИЈА<br>Недела 6<br>6. Систем на имиња на домени (Домен Name System-DNS)<br>6.1. Значење на домените<br>6.2. Видови домени и управување со домените<br>6.3. Управување и регистрација на домен имињата<br>6.4. Регистрација на домени во Република Македонија<br>6.5. Односот на доменот со трговската марка<br>6.6. Злоупотреба на регистрација на домен име (Domain Hijacking, Cybersquatting,)<br>6.7. Постапка за решавање на споровите за домените<br>6.8. Споровите за домените во правото на Република Македонија<br>6.9. Насоки за подобрување на заштита на правата од интелектуална сопственост во решавањето на споровите за домените во правото на Република Македонија<br>Недела 7<br>7. Електронска трговија. ЕЛЕКТРОНСКИ ДОГОВОРИ. Интернет (ON-LINE ) договори<br>7.1. Вовед<br>7.2. Видови на електронски договори<br>7.3. Меѓународни правила и иницијативи за регулирање на електронската трговија<br>7.4. Електронската трговија во правото на Европската унија<br>7.5. Електронската трговија во правото на Република Македонија<br>Недела 8<br>8. КРИПТОГРАФИЈА И ЕЛЕКТРОНСКИ ПОТПИС<br>8.1. Криптографија<br>8.2. Електронски потпис<br>Недела 9<br>9. АВТОРСКОТО И СРОДНИТЕ ПРАВА НА ИНТЕРНЕТ<br>9.1. Вовед<br>9.2. Дигитализација на авторските дела<br>9.3. Пренос на датотеки (дигитализирани авторски дела)<br>9.4. Линкови и фрејмови<br>9.5. Меѓународни извори<br>9.6. Законодавство на Европската унија<br>Недела 10<br>10. САЈБЕР КРИМИНАЛИТЕТ<br>10.1. Вовед<br>10.2. Класификација на казнените дела<br>10.3. Меѓународни извори<br>10.4. Законодавство на Република Македонија<br>Недела 11-15<br>Изработка на научни трудов од областа на правото на информатичка технологија (проектни задачи) |
| 11. | Содржина на предметната програма: |
| | Првиот дел од наставата е посветен на примената на информатичката технологија во правната професија. Се разработува историскиот развој на информатичката технологија, како и нејзините современи трендови. Посебен акцент е ставен на правниот предизвик на |

информатичката технологија, а особено од аспект на нејзината примена во вршењето на правната професија во законодавството, судството, адвокатурата, јавната администрација итн.
